**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/2018), Министерството за економија објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК
**За кофинансирање на проекти за развој и поддршка на МСП и промоција на претприемништвото во Република Македонија**

**1. Предмет на јавниот повик** е кофинансирање на проекти на фондации и здруженија на граѓани кои се однесуваат на развој и поддршка на МСП како и проекти за промоција на претприемништвото во Република Македонија. Финансиската поддршка се однесува за следните видови на проекти:

- Промоција и обуки за алтернативни извори на финансирање на МСП (франшизинг, факторинг);
- Промоција, обуки и форуми за претприемништво;
- Б2Б средни;
- Вмрежување и
- Промотивни активности (организирање на саеми и манифестации).

Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година дел II област А. Поддршка и развој на мали и средни претпријатија, мерка 6 - Кофинансирање на проекти за развој и поддршка на МСП и промоција на претприемништвото во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“бр. 17/2018) се предвидени средства во вкупен износ од 2.000.000,00 денари.

Максималниот износ за кофинансирање на трошоците по проект изнесува 200.000 денари.

**2. Право на учество на јавниот повик:** имаат активни фондации и здруженија на граѓани, стопански комори и организации на работодавачи, кои ги исполнуваат следните услови:

- работење од најмалку една година пред објавување на јавниот повик (упис во Централниот регистар на РМ);
- работат на остварување на цели кои се поврзани со развој и поддршка на МСП и развој на сите облици на претприемништво;
- имаат минимум едно вработено лице на неопределено полно работно време 3 (три) месеци пред објавувањето на јавниот повик;
- имаат деловно седиште во територијата на Република Македонија и
- имаат намирени обврски кон државата и вработените.

На овој јавен повик немаат право на учество здруженија на граѓани и фондации кои се формирани за цели за кои Министерството за економија обезбедува финансиски средства од Буџетот на РМ и тоа:

- Кластерски здруженија (кластери);
- Здруженија и фондации за поддршка и развој на занаетчиство;
- Здруженија и фондации за заштита на потрошувачите; и
- Здруженија и фондации за поддршка и развој на туризмот.

Апликантите кон кои Министерството за економија води постапка поради ненаменско искористување на доделени средства за оваа намена врз основа на објавени јавни повици во претходни години, немаат право на учество.

Трошоците за репрезентација (ручек, коктели), сметки за комуналии (струја, вода, греење) телефон и интернет нема да бидат предмет на кофинансирање.

**3. Потребни документи за пријавување:**

- Образец „Барање - КП МСП 2018“ (може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk );
- Образец „Проект - КП МСП 2018“ (може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk);
- Изјава дека за проектот со кој аплицира досега не користел средства од Буџетот на РМ или од странски донатори што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори, освен доколку станува збор за кофинансирање, заверена на нотар (може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk);
- Тековна состојба од Централен регистар не постара од 2 (два) месеци;
- Уверение од Управата за јавни приходи за платени даноци и придонеси не постаро од 2 (два) месеци;
- Доказ од Агенцијата за вработување на РМ за 1 (еден) вработен со полно работно време во фондацијата/здружението на граѓани (како доказ да се достави Листа на моментално вработени од АВРМ) не постара од 2 (два) месеци;
- Уплатница на износ од 50,00 денари ( *Цел на дознака*: Уплата на административна такса, *Назив и седиште на примач:* Трезорска сметка, *Банка на примач:* Народна банка на Република Македонија, *Трезорска сметка:* 100000000063095, *Уплатна сметка:* 840________ (во зависност од општината) 03161, *Приходна шифра и програма:* 722313 00 ).

**4. Критериуми за оценување на проектите**:

1. Проект - 50 бода

| | |
|---|---|
| 1.1. Колку општата цел на проектот ќе придонесе кон реализација на дадените приоритети, колку е јасна и колку е соодветно определена; | 10 |
| 1.2. Колку се понудени квалитетни и иновативни решенија во проектот; | 5 |
| 1.3 Колку е обезбедена вклученост на други институции и организации за реализација на проектот; | 5 |

| | |
|---|---|
| 1.4. Дали планот за спроведување на проектот е јасен и остварлив; | 10 |
| 1.5. Дали предложениот финансиски план е реален (описот на трошоци по категории и позиции соодвествува со пазарните цени); | 10 |
| 1.6. Колку е учеството на апликантот за проектот. | 10 |

2. Организациска структура и ресурси – 40 бода

| | |
|---|---|
| 2.1. Дали апликантот има потребни човечки ресурси за спроведување на проектот (вработени, активни волонтери, хонорарно ангажирани лица) | 10 |
| 2.2. Стручни лица кои учествуваат во спроведување на проектот (работна биографија на лицата кои ќе бидат ангажирани во реализација на проектот) | 30 |

3. Референтна листа на проекти – 10 бода

| | |
|---|---|
| 3.1. Референтна листа на проекти поврзани со развој и поддршка на МСП и претприемништво | 10 |

**5. Начин на доставување на барањата**

Горенаведената документација целосно пополнета се доставува во оригинал или копија. Доколку документацијата се доставува во копија, веродостојноста на секоја страница ја потврдува подносителот на барањето со свој потпис и печат.

**Напомена: Барањата со некомплетна документација или по истекот на предвидениот рок немаат да бидат предмет на разгледување од страна на Комисијата односно истите ќе бидат отфрлени како некомплетни. Доставените прилози не се враќаат.**

Еден апликант може да аплицира само со еден проект по овој јавен повик.

**6. Рок и период за реализација на проектите:**

Барањата за кофинансирање на проекти ги разгледува Комисија формирана од Министерот за економија.

Апликантите учесници на јавниот повик ќе бидат известени за резултатите на овој јавен повик. Барањата кои ќе ги одобри Комисијата формирана од страна на министерот за економија, ќе склучат договор за реализација на проект со министерството за економија.

Барањата за кофинансирање на проекти со комплетната документација се доставуваат до Архивата на Министерството за економија, ул. "Јуриј Гагарин" 15, Скопје заклучно со **26.06.2018 година.**